# A SOLID POETIC IDENTITY

**Kristina Nikolovska**
Ss. Cyril and Methodius, Skopje, Republic of N. Macedonia, nikolovska_17@yahoo.com

**Abstract:** Igor Krajchev's latest poetic achievement is called "21", a book of verses, winner of the "Jovan Koteski" award. Krajchev - is a poetic and spiritual descendant of Racin, a poet full of energy and creativity, with an authentic self-perception and experience of the world, with a special and cultivated attitude to poetry. Krajchev is a poet with powerful intonation, with a solid poetic identity, with a refined poetic appearance, a poet who experiences and revives his poems in performance, a poet who has a sense of presence and respect for poetic and cultural life. Moreover, he is a creator of cultural life in our country, one of the most successful, excellent young creators and producers of cultural events, manifestations, as well as a participant in many domestic and foreign festivals, and poetry and cultural events.
Krajchev is a poet of philosophemic poems. Poems that ask questions that he openly shares with us. The poet is remarkably up-to-date, contemporaneous. But also nectariferously wise. His poetic diction is already one of the pivotal houses of poetry - pillars of the latest young Macedonian poetry. His philosophemic lyric is among the latest Macedonian poetry that can freely represent us before the rest of the world.
**Keywords:** Poetry, Igor Krajchev, Philosophemic Lyric

# ИЗГРАДЕН ПОЕТСКИ ИДЕНТИТЕТ

**Кристина Николовска**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Република С. Македонија, nikolovska_17@yahoo.com

**Резиме:** Најновото поетско достоинство на Игор Крајчев се вика „21", книга-стиховница, добитник на наградата „Јован Котески". Крајчев – е поетски и духовен потомок на Рацин, поет-полн со енергија и креација, со автентично себедоживување и доживување на светот, со посебен и култивиран однос кон поезијата. Крајчев е поет со моќна интонација, со изграден поетски идентитет, со рафиниран поетски настап, поет кој ги доживува и оживува своите песни при настап, поет кој има чувство за настап и почит кон поетскиот и културниот живот. Бидејќи и самиот е креатор на културниот живот кај нас, еден од најуспешните, одлични млади креатори и придвижници на културни настани, манифестации, но и учесник на многу домашни и странски фестивали, и поетски и културни настани.
Крајчев е поет на филозофемски прашања. Прашања-песни, кои отворено ги дели со нас. Поетот е извонредно актуелен, оввременски. Но и медоносно – мудар. Неговата поетска дикција, веќе спаѓа во стожерните поетски куќи – столбови на најновата млада македонска поезија. Неговата филозофемска лирика спаѓа во најновата македонска поезија која слободно може да не претставува во светот.
**Клучни зборови:** Поезија, Игор Крајчев, филозофемска лирика.

## 1. ВОВЕД

Најновото поетско достоинство на Игор Крајчев се вика „21", книга-стиховница, добитник на наградата „Јован Котески". Крајчев – е поетски и духовен потомок на Рацин, поет-полн со енергија и креација, со автентично себедоживување и доживување на светот, со посебен и култивиран однос кон поезијата. Крајчев е поет со моќна интонација, со изграден поетски идентитет, со рафиниран поетски настап, поет кој ги доживува и оживува своите песни при настап, поет кој има чувство за настап и почит кон поетскиот и културниот живот. Бидејќи и самиот е креатор на културниот живот кај нас, еден од најуспешните, одлични млади креатори и придвижници на културни настани, манифестации, но и учесник на многу домашни и странски фестивали, и поетски и културни настани.
Крајчев е поет на филозофемски прашања. Прашања-песни, кои отворено ги дели со нас. Поетот е извонредно актуелен, оввременски. Но и медоносно – мудар. Неговата поетска дикција, веќе спаѓа во стожерните поетски куќи – столбови на најновата млада македонска поезија. Неговата филозофемска лирика спаѓа во најновата македонска поезија која слободно може да не претставува во светот.

## 2. ПОЕТ СО ИЗГРАДЕН ПОЕТСКИ ИДЕНТИТЕТ

И како да го претставиме овој раскошен автор?
Крајчев – ја живее поезијата на најубав начин.
Крајчев – е поетски и духовен потомок на Рацин, поет-полн со енергија и креација, со автентично себедоживување и доживување на светот, со посебен и култивиран однос кон поезијата.
Поет со моќна интонација, со изграден поетски идентитет, со рафиниран поетски настап, поет кој ги доживува и оживува своите песни при настап, поет кој има чувство за настап и почит кон поетскиот и културниот живот. Бидејќи и самиот е креатор на културниот живот кај нас, еден од најуспешните, одлични млади креатори и придвижници на културни настани, манифестации, но и учесник на многу домашни и странски фестивали, и поетски и културни настани.
Поет кој знае да ја почитува и сака поетска сцена. Оти и ние поетите, имаме своја сцена. Ние не глумиме никого. Ние не ја глумиме ни поезијата.
Поезијата – од Крајчев просто „оддишува", „тече", а тој сосем успешно ја „пречекува" и ни ја носи...
Така е и со доживеаните нешта. А кај него поезијата е силна и уверлива – оти е длабоко доживеана.

## 3. АНТИТЕТИЧКИ „ИЗВОР"

Има нешто толку искрено и длабоко Рациновско во него, има нешто толку Велешко елегично, има нешто толку занесно лирично, но и моќно филозофско, има нешто вечно младешко и вербено во него... тивко бунтовно, ступлитно, профано, елегантно, софистицирано...
И потресно искрено, а така болно, и така мудровито. Отрезнувачки сознајно. Освежувачки вистинито. Така е во песната „Насмевки и солзи":

Се смеев често
за да ги прикријам солзите,
се смеев за да
не и дадам простор
на лутината,
се смеев на прегратките,
се смеев на погледите,
на топлината на домашните,
на милоста кон далечните...
Се уште се сеќавам на тие денови,
и не разбирам зошто старите насмевки
денес ми раѓаат солзи...
Веројатно зашто сите
се смееме и плачеме
на ист јазик.[37]

- вели поетот.
Величествени се кај него антитетичките слики како оваа:

*„Стари* насмевки / *нови* солзи..."

Насмевките – како мудра одбрана – од солзите. Но и насмевките – како извор на нови солзи.
И тука блеснува извонредната, но „горчлива" глаголска метафора: „насмевките ми раѓаат солзи".
И секако – јаката поента:

Веројатно зашто сите
се смееме и плачеме
на ист јазик.

Универзалниот „јазик" на радоста и тагата, еден јазик – за опозитите, но и за различностите.
И веќе сфаќаме дека длабинските „конци" на оваа изградена, и нималу наивна поетика, ги влече антитезата – која успешно „царува" со внатрешните семантички процеси на оваа поезија.
Антитезата е моќна и во песните преку кои поетот ја доживува овдешницата, оновременицата наша?
Во песната „Слобода" поетот пее за времето кога апаратите беа – „заврзани", а ние бевме наполно – „одврзани", додека:

[37] Игор Крајчев: „21". – Скопје, 2019, „Матица", 19.

Денес, сите мои апарати се безжични,
а јас сепак сум врзан за нив...[38]

Значи, во време кога сите апарати – се „одврзани“, поетот и ние – сме очајно „заврзани“. И тоа е денешно поимање на поимот на – слободата.
Слобода во која поетот се чувствува:

Како разбеснето куче,
како безнадежен роб...[39]

Со тоа, поетот е извонредно актуелен, ововременски. Но и медоносно – мудар.

**4. ПОЕТ НА ОБРАЌАЊЕ**

Крајчев е поет на обраќање. Како ретко кој, тој лено и успешно гради „мостови“ – кон нас.
И продира...
Одлично продира кон напред:

„Живот“

Не, не е тешко да се чекори исправено
и не, не е тешко да се избрише туѓа солза,
не е тешко да се разликува добро од зло
тешко е да се одбере помалото од девете зла...

Затоа чекори напред,
не се откажувај од песната само затоа
што му треба многу време да ја напишеше...
Времето секако ќе помине...

Затоа, само чекори напред,
И ако еден ден твојот пат заврши со амбис,
не значи дека треба да скокнеш во него...
Едноставно седни...

И уживај во глетката![40]

Вака поетот го доживива животот. И вакви перспективи ни отвора тој кон себедоживувањето.

**5. ГУСТ ДИСКУРС**

Поетовиот дискурс има силна автентичност и висок индивидуалитет. Поетот го препознаваме по моќниот и густ дискурс, кој секогаш „пробива“ кон нас – со автентична интонација, која веднаш привлекува внимание. Така е и со почетокот на песната кој вели: „Не, не е тешко да се чекори исправено (...)“(21).
Поетот има и густа емоција – тој е вистински потересен лирик кој ќе ве трогне со песната „Смртта на Лара“.
Поетот има шокантни согледби и кога вели – „Смртта е поет“ – една нова визија на поетувањето, едно ново сфаќање на овој поим.
Поетот има јасни согледби кога сфаќа дека овој свет е само метонимија, парче, дел на недоброј други светови, кога вели:

Овој свет е полош од сите останти
а во себе кријам многу такви,[41]

[38] Ibid., 20.
[39] Ibid., 20.
[40] Ibid., 21.
[41] Ibid., 18.

Поетот „свети на нов начин“ кога свечено изјавува: „Јас сум поет“:

Јас сум поет!
Не можеш да ме победиш!

Јас сум поет,
зборокротец,
јас сум поет,
збороделец,
јас со сбор милувам
и со збор погибувам...

И за на крајот од песната поентира:

Не, не можеш да ме победиш,
Можеш да во прав ме сториш,
но не и да ме победиш...

Зашто јас сум поет,
секој од нас умира на свој начин...

Секој од нас е единствен...

Токму како и сите останати!

Ќе рече поетот и мошне рано ќе дорасне до поетска зрелост, до која само големите поети може да се извишат.
И така ќе не поучи милно, со драгцена авторска интонација и интерпретација на своите стихови, така и ќе пее и за „Мојата вечност“, за „Јас“, „Оганот“, и за крајот кој всушност – нема крај...
Крајчев е поет на филозофемски прашања. Прашања-песни, кои отворено ги дели со нас. Таква е и последната песна од оваа книга - „Крај“:

Зошто да се плашам од смртта?
Ние припаѓаме на различни светови...

Ако јас сум,
таа не е...

Ние никогаш не сме
во иста реалност...

На крајот,
никогаш не ќе има крај...[42]

Песната има паракдосален крај, во кој крајот всушност е – бескрај.
Парадоксот е голема стратегема на поетот Крајчев кој во песната „Јас не сум поразен“ вели:

Јас не сум поразен...

Поразот никогаш нема да не обземе
зашто сум сигурен дека ќе успеам.

Ја затворам вратата за минатото,
но не ги заборавам пред неа
сите грешки,
сите гребаници
и модринки...

[42] Ibid., 30.

Мојот пораз е мојата скала
со која продолжувам да
се искачувам нагоре.

Понекогаш треба да го изгубиш патот
за да откриеш нов начин
како да си дојдеш дома.[43]

Така и ние, ќе си го најдеме секој својот пат кон домот... било тоа да е поезија, или куќа од поезија...

## 6. ЗОШТО Е ВРЕДНА ОВАА КНИГА?

И кон крајот, зошто да ја имате при себе оваа вредна книга поезија? – Бидејќи Крајчев е поет на згуснати пораки кои со својата суштина „продираат“ кон нашата „суштина“.
Бидејќи Крајчев е потресно и искрено вљубен во чудото над чудата, уметноста над уметностите – поезијата.
Бидејќи, со најновата книга поезија, тој успева да ни отвори свет – свет на кој можеме да му поверуваме, да му се довериме, да се препознаеме себе и другите.
Бидејќи неговата поетска дикција, веќе спаѓа во стожерните поетски куќи – столбови на најновата млада македонска поезија. Бидејќи неговата поезија успешно спаѓа во најновата македонска поезија која слободно може да не преставува во светот.
И бидејќи – можеби преку него – ќе откриеме нов начи како да си дојдеме дома...
И конечно, бидејќи, поезијата има големи очи, очи од кои очекуваме нешто, или многу, бидејќи поезијата е највисокиот род на кој може да му се обратиме, и бидејќи нема повисока гордост од тоа да се биде поет...
Крајчев ќе не поучи како да го пронајдеме вистинскиот пат до дома. Поточно, како „на нов начин“ да си дојдеме дома:

Понекогаш треба да го изгубиш патот
за да откриеш нов начин
како да си дојдеш дома.[44]

**ЛИТЕРАТУРА**

Крајчев, И. (2019). *„21“*, Скопје. Матица.

[43] Ibid., 26.
[44] Ibid., 26.